# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 27.4.2026 година<br>Скопје<br>Број 5 год. XXI | Претплатата за 2026 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


април, 2026 година

# С О Д Р Ж И Н А


Стр.

- Одлука за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „13 Ноември"-Скопје бр. 01-118/2 од 23.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка, со Решение за објавување .......................... 1 - 2
- Одлука за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје бр. 02-115/4 од 31.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка, со Решение за објавување ........................................................................ 3 - 4
- Одлука за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје бр. 01-156/2 од 1.4.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка, со Решение за објавување .......................... 5 - 6
- Решение за именување член во Управниот одбор на Јавната Установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје, предложен од Градот Скопје, со Решение за објавување ............................................................ 7 - 8
- Решение за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, предложен од Градот Скопје, со Решение за објавување ............................................................ 9 - 10
- Решение за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, предложен од Градот Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 11 - 12
- Решение за констатирање на престанок на мандат на член во Управен одбор на Јавна установа на Општина Центар-Скопје за деца детска градинка „Кочо Рацин"-Скопје предложен од Министерство за социјална политика, демографија и млади, со Решение за објавување ........................................................ 13 – 14

- Решение за разрешување на претставникот на Општина Центар-Скопје од член во Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Гоце Делчев“-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................ 15 – 16

- Одлука за давање позитивно мислење на измената и дополнувањето на Статутот на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов“ - Скопје бр. 02-133/2 од 16.3.2026 година, со Решение за објавување ............................ 17 - 18

- Правилник за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за поддршка на ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, активности поврзани со промоција на основните училиштата во Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................................ 19 - 21

- Програма за измена на Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ....................................................... 22 - 23

- Заклучок, со Решение за објавување ......................................... 24 - 25

- Програма за дополнувања на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување .......... 26 - 27

- Одлука за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ........................................................................ 28 - 29

- Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ........................................................................ 30 - 32

- Одлука за давање согласност на дополнување на Годишниот план за вработување во 2026 година во Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ....................................................... 33 - 34

- Одлука за усвојување на Програма за енергетска ефикасност на Општина Центар-Скопје за период 2026-2028 година, со Решение за објавување ............................................................ 35 - 36

- Правилник за реализација на проект „Субвенции за замена на покриви и поправка на лифтови“, со Решение за објавување ...... 37 - 42

- Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје, за субвенционирање на жителите на Општина Центар-Скопје за купување велосипеди, е-велосипеди, купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди, со Решение за објавување ................................ 43 - 47

- Одлука за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................... 48 - 50

- Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги ЕЛМА ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Решение за објавување ................ 51 - 52

- Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање, со Решение за објавување ...................................................... 53 - 55

- Решение за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............. 56 - 57

- Решение за именување членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............. 58 - 59

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/23 од 15.4.2026 година, за утврдување на паркинг места за хуманитарни цели -хуманитарни паркинг места и формирање на нова паркинг зона-Зона X, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .................. 60 - 61

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/24 од 15.4.2026 година, за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...................................................... 62 - 63

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/25 од 15.4.2026 година, за усвојување на Правилник за користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...................................................... 64 - 65

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/27 од 15.4.2026 година, за усвојување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............... 66 - 67

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/29 од 15.4.2026 година, за усвојување на Ценовник на услуги и Надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува ЈП Паркинзи на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .................................................. 68 - 69

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/31 од 15.4.2026 година, за усвојување на Ценовник на услуги и надоместоци за отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и приколки од подрачјето на Општина Центар и нивно чување, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .................................................. 70 - 71

- Одлука за прифаќање на Иницијатива за изготвување на Локален Еколошки Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Центар- Скопје 2026-2032, со Решение за објавување ...................................................... 72 - 73

- Одлука за донесување/недонесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.15, ГП 6.17 и ГП 6.19 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............................ 74 - 77

- Одлука за донесување/недонесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.16, ГП 6.18 и ГП 6.20 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............................. 78 - 81

- Одлука за донесување/недонесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.31, ГП 6.35 и ГП 6.80 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ......................................... 82 - 85

- Одлука за донесување/недонесување на план за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.39, ГП 6.42, ГП 6.43, ГП 6.44 и ГП 6.45 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................ 86 - 89

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.25, ГП 6.27 и ГП 6.29 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................ 90 - 93

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.47, ГП 6.52, ГП 6.54, ГП 6.56 и ГП 6.59 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................ 94 - 97

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.61 и ГП 6.63 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар, со Решение за објавување .................................................... 98 - 101

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.66, ГП 6.67 и ГП 6.68 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................... 102 - 105

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.01 и ГП 6.02 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................... 106 - 109

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.07 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...................................................... 110 - 113

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.09 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...................................................... 114 - 117

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.11 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .................................................. 118 - 121

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.03 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .................................................................... 122 - 125

- Одлука за донесување/недонесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план на парцелација за ГП 6.05 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ......................................................................... 126 - 129

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „13 Ноември“-Скопје бр. 01-118/2 од 23.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „13 Ноември“-Скопје бр. 01-118/2 од 23.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/3
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 116 став 1 алинеја 11 и член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „13 Ноември"-Скопје бр. 01-118/2 од 23.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка

### Член 1

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „13 Ноември"-Скопје бр. 01-118/2 од 23.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „13 Ноември"-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/2
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје бр. 02-115/4 од 31.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје бр. 02-115/4 од 31.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/5
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 116 став 1 алинеја 11 и член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
**за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје бр. 02-115/4 од 31.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка**

### Член 1

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје бр. 02-115/4 од 31.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/4<br>24.4.2026 година<br>С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>Претседател<br>Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин“-Скопје бр. 01-156/2 од 1.4.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин“-Скопје бр. 01-156/2 од 1.4.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/7
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 116 став 1 алинеја 11 и член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје бр. 01-156/2 од 1.4.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за утврдување на мерилата, критериумите и начинот на пресметка на надоместокот што паѓа на товар на родителите за услугите што ги дава ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје бр. 01-156/2 од 1.4.2026 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/6
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, предложен од Градот Скопје**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, предложен од Градот Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/9
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 114 точка 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, предложен од Градот Скопје**

1. За член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје, предложен од Градот Скопје се именува:

   **Султана Чулева**

2. Членот во Управниот одбор се именува за период од четири (4) години.

3. Решението да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември“-Скопје.

4. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/8
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Градот Скопје**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Градот Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/11
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 114 точка 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Градот Скопје**

1. За член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Градот Скопје се именува:

   **Даниела Адамова**

2. Членот во Управниот одбор се именува за период од четири (4) години.

3. Решението да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје.

4. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/10
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, предложен од Градот Скопје**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, предложен од Градот Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/13
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 114 точка 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Градот Скопје**

1. За член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Градот Скопје се именува:

   **Марија Арнаудоска**

2. Членот во Управниот одбор се именува за период од четири (4) години.

3. Решението да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

4. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/12
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за констатирање на престанок на мандат на член во Управен одбор на Јавна установа за деца-Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Се објавува Решението за констатирање на престанок на мандат на член во Управен одбор на Јавна установа за деца-Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, предложен од Министерство за социјална политика, демографија и млади,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/15
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница одржана на 24.4.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за констатирање на престанок на мандат на член во Управен одбор на Јавна установа за деца - Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, предложен од Министерство за социјална политика, демографија и млади**

**Член 1**

На Висар Сопај му се констатира престанок на мандатот на член на Управен одбор на Јавна установа за деца -Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје, предложен од Министерството за социјална политика, демографија и млади, поради поднесување на оставка пред истекот на времето за кое бил именуван.

**Член 2**

Решението да се достави до ЈУДГ на ОЦ „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/14
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за разрешување на претставникот на Општина Центар-Скопје од член во Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Гоце Делчев“-Скопје**

Се објавува Решението за разрешување на претставникот на Општина Центар-Скопје од член во Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Гоце Делчев“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/17
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 106 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 250/25) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на претставникот на Општина Центар-Скопје од член во Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Гоце Делчев"-Скопје**

1. Се разрешува Александар Поп Костоски, претставник на Општина Центар-Скопје, од член во Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Гоце Делчев"-Скопје.

2. Решението да се достави до Општинското основно училиште „Гоце Делчев "-Скопје.

3. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/16
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на измената и дополнувањето на Статутот на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје бр. 02-133/2 од 16.3.2026 година**

Се објавува Одлуката за давање позитивно мислење на измената и дополнувањето на Статутот на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје бр. 02-133/2 од 16.3.2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/19
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 точка 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19; 229/20; 3/25; 74/25; 250/25 и 250/25) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање позитивно мислење на измената и дополнувањето на Статутот на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов“-Скопје бр. 02-133/2 од 16.3.2026 година**

1. Се дава позитивно мислење на измената и дополнувањето на Статутот на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов“ - Скопје бр. 02-133/2 од 16.3.2026 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Димитар Миладинов“-Скопје.

3. Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/18
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за поддршка на ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, активности поврзани со промоција на основните училиштата во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за поддршка на ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, активности поврзани со промоција на основните училиштата во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/21
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и Програмата за образование на Општина Центар-Скопје, („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 15/25) Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за поддршка на ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, активности поврзани со промоција на основните училиштата во Општина Центар-Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Центар-Скопје, наменети за поддршка на ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, активности поврзани со промоција на основните училиштата во Општина Центар-Скопје, како поттик за натамошна работа и активности поврзани со промоција на училиштата и Општината.

### Член 2

Под меѓународна олимпијада или меѓународен натпревар од членот 1 од овој Правилник, се подразбира олимпијада односно натпревар на кои учествуваат ученици од најмалку 5 (пет) различни држави, на кои се проверуваат знаењата помеѓу учениците од различните држави и се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учестуваат.

### Член 3

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

## II. ПРАВО НА АПЛИКАЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

### Член 4

Согласно овој Правилник, финансиските средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје можат да бидат доделени на сите редовни ученици од осумте општински основни училишта и нивните ментори кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

## III. НАЧИН, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА УЧЕНИЦИ/НАСТАВНИЦИ

**Член 5**

За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на финансиски средства од член 1 на овој Правилник, потребно е да се достават следниве документи:

**<u>За ученик:</u>**

- Барање
- Потврда за редовен ученик во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје
- Доказ во прилог за ученикот (дипломи, признанија за освоени прво или второ место на државен акредитиран натпревар од областа за која аплицира, известување од организаторот на настанот или покана, апликација за учество на меѓународниот натпреварот, фотографии)
- Трансакциска сметка на еден од родителите
- Лична карта на еден од родителите на ученикот-жител на Општина Центар-Скопје

**За наставник/ментор:**

- Барање
- Потврда за редовен работен однос на наставникот во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје
- Доказ во прилог за наставникот (дипломи, признанија за освоени прво или второ место на државен акредитиран натпревар од областа за која аплицира, известување од организаторот на настанот или покана, апликација за учество на меѓународниот натпреварот, фотографии)
- Лична карта и трансакциска сметка на наставникот

**Член 6**

Спроведувањето на овој Правилник се заснова на начелата на еднаков третман и забрана на дискриминација и се забранува дискриминација по било кој основ во согласност со важечките прописи.

**Член 7**

Барањето со потребната документација се доставува во еден примерок во Архивата на Општина Центар-Скопје.

**Член 8**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје по предлог на Одделението за образование при Секторот за јавни дејности носи Решение за доделување на финансиски средства.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/20
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена на Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за измена на Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-2698/23 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 24.4.2026 година | на Општина Центар-Скопје |
| С к о п ј е | д-р Горан Герасимовски с.р. |

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19 и 1/21), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена на Програмата за спорт и рекреација**
**на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

1. Во Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2026 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 15/25) се врши измена во финансискиот дел на Програмата заради претходно планирани помалку средства во проектот со реден број 6.1.-„КК Работнички“.

| Реден број | Конто | Проект | Планирано во Програмата | Предлог со измена |
|---|---|---|---|---|
| 6.1. | 463120 | КК Работнички | 15.000.000,00 | 29.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | | 29.000.000,00 |

Имено, измената гласи:

2. Измената се однесува на: проектот со реден број 6.1. „КК Работнички“ се врши измена во финансискиот дел каде што се дополнува со 14.000.000,00 денари.

3. Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/22
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот**

Се објавува Заклучокот,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/25
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, расправаше по Програмата за измена на Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2026 година и донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Финансиските средства ќе се користат за плаќање на приоритетни долгови кои ќе ги утврди работно тело составено од советници и Граоначалникот и ќе бидат исплатени по склучување на Договорот.

2. Заклучокот влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/24
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за дополна на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за дополна на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/27
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална смоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје (Службен гласник на Општина Центар-Скопје бр. 1/06, 12/15; 9/19 и 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје, на седмата седница одржана на ден 24.4.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за дополна на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година

Основна цел на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на Општина Центар.

Во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на децата на Општина Центар-Скопје за 2026 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 15/25), се врши дополнување на една програмски активности.

Дополнувањато се однесуваат на следново:

30. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ВИДЕОНАДЗОР НА ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

| **Ред. бр.** | **АКТИВНОСТ** | **ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА (денари)** |
|---|---|---|---|
| 30. | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ВИДЕОНАДЗОР НА ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ | тековно 2026 | 3.000.000,00 |

Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца за 2026 година се дополнува со нова програмска активност “'ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ВИДЕОНАДЗОР НА ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ” (реден број 30). Потребниот износ за оваа активност изнесува 3.000.000,00 денари.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/26
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/29
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/204), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите (“Сл. Весник на РМ“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 , 192/15 и 167/16 и “Сл.Весник на РСМ” бр.151/21, 76/24, 272/24 и 3/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница одржана на 24.4.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши прераспределба на средства во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | Назив на потпрограма Назив на потставка | Основен Буџет | |
|---|---|---|---|---|
| **Се намалуваат расходите на следните потставки:** | | | | |
| **E00** | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | |
| | **464** | **Разни трансфери** | | |
| | 464910 | Плаќања по судски решенија | -17,000,000.00 | ден. |
| | | | **-17,000,000.00** | **ден.** |
| **Истите да бидат пренаменети на следните потставки:** | | | | |
| **L00** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | |
| | **463** | **ТРАНСФЕРИ ДО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ** | | |
| | 463120 | Трансфер до спортски клубови | 14,000,000.00 | ден. |
| **VA0** | | **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | |
| | **480** | **Купување на опрема** | | |
| | 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 3,000,000.00 | ден. |
| | | | **17,000,000.00** | **ден.** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Центар – Скопје и станува составен дел на Буџетот на општината за 2026 година.

Бр. 08-2698/28
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/31
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (“Сл. Весник на РМ“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 , 192/15 и 167/16 и "Сл.Весник на РСМ" бр.151/21, 76/24, 272/24 и 3/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница одржана на 24.04.2026 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за проширување на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година

### Член 1

Проширувањето на средства во Буџетот на Општина Центар – Скопје за 2026 година се врши на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Назив на потпрограма<br>Назив на потставка | Донации |
|---|---|---|

**Се зголемуваат приходите на следните потставки :**

| | | |
|---|---|---|
| **742** | **Донации од странство** | |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 2.963.000,00 ден. |
| | | **2.963.000,00 ден.** |

**И се распоредуваат на следните расходни потставки:**

| | | |
|---|---|---|
| **В10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | |
| 420210 | Патување во странство- хранарина (дневница) | 32.000,00 ден. |
| 420220 | Патување во странство- патни расходи | 23.000,00 ден. |
| 420230 | Патување во странство- сместување | 57.000,00 ден. |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 60.000,00 ден. |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | |
| 423110 | Канцелариски материјали | 30.000,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 423190 | Други административни материјали | 30.000,00 ден. |
| 423610 | Наставно- образовни помагала | 30.000,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| **425** | **Договорни услуги** | |
| 425220 | Банкарска провизија | 50.000,00 ден. |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 30.000,00 ден. |
| 425990 | Други договорни услуги | 667.000,00 ден. |
| **464** | **Разни трансфери** | |
| 464990 | Други трансфери | 1.954.000,00 ден. |

---

**2.963.000,00 ден.**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2026 година.

Бр. 08-2698/30
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување во 2026 година во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување во 2026 година во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/33
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), а во врска со член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14; 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19; 14/20 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување во 2026 година во Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на измена на Годишниот план за вработување во 2026 година во Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е образецот на Годишниот план за вработување на Општина Центар-Скопје во 2026 година.

**Член 3**

По добиената согласност Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ја донесе измената на Годишниот план за вработување во 2026 година во Општина Центар-Скопје и да го достави на мислење до Министерството за јавна администрација.

**Член 4**

Секторот за финансиски прашања се задолжува во Буџетот за 2026 година на Општина Центар-Скопје да предвиди средства за реализација на измената на Годишниот план за вработување во 2026 година во Општина Центар-Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/32
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Центар- Скопје за период 2026-2028 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Центар- Скопје за период 2026-2028 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/35
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), како и врз основа на член 7 од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 110/21, 236/22, 147/24, 74/25 и 193/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Програма за енергетска ефикасност на Општина Центар- Скопје за период 2026-2028 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Центар ја усвојува Програмата за енергетска ефикасност на Општина Центар-Скопје за период 2026-2028 година, како стратешки плански документ на општинско ниво.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина да ги превземе сите потребни мерки и активности за спроведување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Центар-Скопје за период од 2026-2028 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/34
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за реализација на проект „Субвенции за замена на покриви и поправка на лифтови “**

Се објавува Правилникот за реализација на проект „Субвенции за замена на покриви и поправка на лифтови “,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/37
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) и Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година, потпрограма ГДО - Субвенции за замена на покриви и поправка на лифтови, („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.15/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за реализација на проект „Субвенции за замена на покриви и поправка на лифтови "

### Член 1

(1) Со овој правилник се утврдува реализација на проект „Субвенции за замена на покриви и поправка на лифтови" утврден во Програмата за комунални дејности на Општина Центар – Скопје за 2026 година, во потпрограма ГДО („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.15/25) кој се однесува на финансиска поддршка за поправка и санација на постојни кровни конструкции и постојни лифтови во станбени згради на подрачјето на Општина Центар – Скопје преку објавување на Јавен повик.

(2) Градоначалникот на Општина Центар – Скопје ќе формира Комисија за споведување на Јавниот повик и целокупната постапка за доделување на финансиски средства.

### Член 2

(1) Со овој правилник се утврдуваат и начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Центар-Скопје, кои ќе се објават во Јавниот повик на следниот начин:

-финансиски средства ќе се доделуваат за поправка на лифт за кој со технички преглед, извршен од овластено акредитирано независно правно лице, е утврдено дека е технички неисправен и/или за модернизација на лифтови и нивно усогласување со безбедносните барања и подобрување на безбедноста на постојните лифтови во согласност со Законот за техничка инспекција и Правилникот за користење лифтови и транспортери. Финансиската поддршка за поправка, санација и реконструкција на постојни кровни конструкции е насочена кон замена на постојните азбестни салонитни покривки, постоечките кровни покривачи и рамни кровови со еколошки на колективни станбени објекти;

- не повеќе од 150.000,00 денари, за поправка, санација и реконструкција на постојни кровни конструкции и висина од 30% од вкупниот износ од вредноста, но не повеќе од 300.000,00 денари за поправка и санација на лифтови за секоја

одобрена апликација, поднесена од заинтересирани сопственици на заеднички делови на колективни станбени згради управувани од управител на станбени згради или од заедница на сопственици. Сопствениците на посебни делови треба да ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од 70% од вкупниот износ од вредноста за реконструкција на постојни кровни конструкции и поправка и санација на лифтови;

- Јавниот повик се реализира, односно селекцијата се врши по принципот „прв дојден, прв услужен";

- Право на учество во Јавниот повик имаат заедници на сопственици на станови во колективни станбени згради од подрачјето на Општина Центар-Скопје што ги исполнуваат следниве услови:

- Доколку станува збор за поправка, санација и реконструкција на постојни кровни конструкции, тие треба да бидат оштетени, а во однос на поправката и санацијата на лифтови, постојните лифтови треба да бидат неисправни;
- Промена може да се изврши само во рамки на постоечки кровен покривач
- Сопствениците на станови треба да имаат регистрирано заедница на сопственици или да имаат избрано управител на станбена зграда;
- Најмалку 70% од становите во зградата (односно влез) да се користат (населени) во текот на цела година (вклучително и најмени станови).
- Право на учество во Јавниот повик имаат сите влезови поединечно, но треба да имаат регистрирано заедница на сопственици или избрано управител на станбена зграда;

- Потребни документи за двете категории:

1. Пополнета Апликација – образец, потпишан од станбен управител или од престедател на заедница на сопственици;
2. Апликантите да не се претходни корисници на субвенција за иста намена;
   - Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето (претседателот на заедницата на сопственици на посебни делови односно управителот на станбената зграда) дека нема користено финансиски средства за било која намена од Буџетот на Општина Центар за субвенција во изминатите јавни повици објавени од страна на Општина Центар

3. Одлука донесена од станарите за избор на претседател на заедницата на сопственици на станови или договор за управувачки услуги (доколку управувањето со станбената зграда му е доверено на управител);

4. Станбените згради за колективно домување да се постари од 15 години (доказ за старост на колективниот станбен објект се потврдува со изјава заверена на нотар
5. Имотни листови на сите сопственици на станови во зградата кои дале согласност со кој се докажува сопственоста за секој стан (не постар од 6 месеци), поднесен од управител или од претседател на заедница на сопственици ;
6. Копија од жиро-сметката на заедницата на сопственици, односно копија од жиро-сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда;
7. Одлука од мнозинството сопственици да се обезбедат 70 % од потребните средства за реконструкција на постојните кровни конструкции и поправка и санација на лифтовите во нивните станбени згради согласно Законот за домување;

- Во прилог: Потписи за согласност од 50 % сопственици плус еден сопственик (во прилог кон одлуката да се достави список со потписи од 50 % сопственици плус еден сопственик) од сите сопственици, со кои сопствениците даваат согласност за учество со 70 % сопствени средства во вкупниот износ од потребните средства за поправка, санација и реконструкција на постојни кровни конструкции и поправка и санација на лифтови во станбени згради.
- Одлуката се смета за донесена доколку своерачно ја потпишале 50 % сопственици плус еден сопственик од вкупниот број сопственици на посебни делови во колективниот станбен објект.
- Одлуката се доставува во оригинален примерок или како копија заверена на нотар.

8. Изјава од подносителот, управител или претседател на заедница на сопственици, дадена под целосна материјална и кривична одговорност, со која се потврдува дека секој сопственик на стан во објектот што е наведен како потписник во листата со потписи, односно согласности бил идентификуван лично од управителот или од претседателот на заедницата на сопственици и своерачно ја потпишал согласноста за финансиско учество за потребите на Јавниот повик. Изјавата да биде заверена на нотар.
9. Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија не постара од шест (6) месеци;
10. Изјава од управител или од претседател од заедница на сопственици на станови за бројот на станови што се населени во текот на цела година.

- Дополнителни документи за лифтови

- **ЗА ЛИФТОВИ**

- Годишен договор за редовно одржување и сервисирање на лифтот склучен со правно лице;

- Технички извештај од периодичен технички преглед за состојбата на лифтот, изработен од независно правно лице, со кој се потврдува неговата техничка

- неисправност и чекори што треба да се преземат за усогласување на состојбата на лифтот со важечките стандарди.

- Договор и понуда со изведувач во оригинал или нотарски заверена копија

- Дополнителни документи за покриви

- **ЗА ПОКРИВИ**

- Фотографии од постоечка состојба
- Изјава од претседателот на заедницата на сопственици на станови или од управителот (доколку работите на управувањето со станбената зграда му се доверени на управител) за степенот на оштетеност или за моментната состојба на покривот и кровната покривка.
- Договор и понуда со изведувач за поправка или санација на кровниот покривач
- Договор со надзор

(2) Постапката за субвенционирање ќе се одвива во 2 (две) фази.

ПРВА ФАЗА:
Во првата фаза, Комплетирање на потребната документација- Комисијата ги разгледува пристигнатите барања по редослед според датум и време на пристигнување, врши детален увид во доставената документација, изготвува листа на потенцијални баратели и ги известува барателите кои ги исполнуваат условите по повикот, со цел продолжување на понатамошната реализација на постапката
-Барателите (лифт и кров) може да започне со изведба на работите , по претходно добиено известување за потенцијален корисник.
-Работите треба да се изведат во рок од 3 месеци од добиено известување за потенцијален корисник.

ВТОРА ФАЗА:
Во втората фаза:
За лифт:
-Конечна фактура што ке кореспондира со приложениот договор
-Позитивен Технички извештај со овластен сертификат

За кров:
-Завршна ситуација со спецификација (фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот)
-Извештај од надзор за завршена работа
-Фотографии од новата состојба на кровниот покривач

**НАПОМЕНА:**
**По комплетирање на прва и втора фаза Комисијата изготвува предлог до Градоначалникот за исплата на средства по јавниот повик.**

- Исплатата на одобрените средства ќе се врши согласно Доставена фактура/ситуација во оригинален примерок заверена од изведувачот, уплата од 70% и извештај од надзор за завршена работа најдоцна до 20 декември 2026 година.
- По приложувањето на овие документи во Општина Центар, Општината ги префрла своите средства, како финансиска поддршка, на сметка на заедницата или на управителот на зградата.
- Пријавата и другата документација се доставуваат во затворен плик во Архивата на Општина Центар-Скопје, во барака 6, до Сектор за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина, секој работен ден во период од 9:00 до 15:00 часот или по пошта на адреса ул. „Михаил Цоков" бр.1, Скопје. На пликот треба да е наведено „Јавен повик за финансиска поддршка за поправка и санација на постојни кровни конструкции и постојни лифтови во станбени згради на подрачјето на Општина Центар-Скопје", при што нема да се разгледуваат пријавите со нецелосна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок.
- Архивата на Општина Центар-Скопје ќе ги евидентира примените барања со точно време на поднесување (датум, час и минута) заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата

**Член 3**

(1) Општината ги исплатува финансиските средства, како финансиска поддршка, на сметка на заедницата или на управителот на зградата по приложувањето на бараните документи утврдени во член 2 од ова Решение.
(2) Финансиските средства во износ од 3.000.000,00 денари за лифтови и покриви се обезбедени во Буџетот на Општина Центар – Скопје за 2026 година.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/36
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Центар-Скопје, за субвенционирање на жителите на Општина Центар-Скопје за купување велосипеди и е-велосипеди и купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди**

Се објавува Правилникот за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Центар-Скопје, за субвенционирање на жителите на Општина Центар-Скопје за купување велосипеди и е-велосипеди и купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/39
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ, ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ И Е-ВЕЛОСИПЕДИ И КУПУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ОПРЕМА ЗА ВЕЛОСИПЕДИ И Е-ВЕЛОСИПЕДИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат конкретните услови, начин и постапка за користење на финансиски средства утврдени во Програмата за заштита на животната средина на Општина Центар – Скопје, за доделување на поединечна субвенција на жителите на Општина Центар – Скопје, за купување велосипеди и е-велосипеди и за купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец, и сл., со намена за субвенционирање на дел од трошоците на жителите на општина Центар – Скопје, направени при купување на велосипеди и е-велосипеди и за купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди.

### Член 2

Финансиските средства од член 1 на овој Правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Центар – Скопје, согласно Програмата за заштита на животната средина на Општина Центар – Скопје со намена субвенционирање на жителите на Општина Центар – Скопје, за купување велосипеди и е-велосипеди и за купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец и сл.

Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат од објавување на Јавниот повик, па се до нивно целосно искористување, односно до крај на тековната година.

### Член 3

Финансиските средства од член 1 на овој Правилник ќе се користат за делумен надомест на средствата на жителите на Општина Центар – Скопје, искористени за купување на велосипед и е-велосипед во износ од 30% од вредноста на велосипедот и е-велосипед но не повеќе од 3.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход и искористени за купување на дополнителна опрема за велосипед и е-велосипед, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец, и сл., во износ од 30% од вредноста на дополнителната опрема за велосипед и е-велосипед. но не повеќе од 1.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход, по принципот прв дојден, прв услужен.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

За реализирање на Програмата за заштита на животната средина на Општина Центар - Скопје, за доделување на поединечна субвенција на жителите на Општина Центар – Скопје, за купување велосипеди и е-велосипеди и за купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец и сл., Општина Центар-Скопје објавува Јавен повик, кој ги содржи начинот, условите и постапката за доделување на поединечна субвенција на жителите на Општина Центар – Скопје.

Јавниот повик се објавува на веб страната на општината и во електронските медиуми.

Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето се до исцрпувањето на буџетот наменет за доделување на поединечна субвенција на жителите на Општина Центар-Скопје за купување велосипеди и е-велосипеди и за купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец, и сл.

Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Општина Центар - Скопје ќе ја информира јавноста дека Јавниот повик е завршен.

Барањата од Јавниот повик ќе бидат разгледувани по редослед според датумот и времето на пристигнувањето.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

Право на учество на Јавниот повик имаат жителите на Општина Центар-Скопје кои ќе купат нов велосипед и е-велосипеди и за купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец, и сл., од Република Северна Македонија од датумот определен во Јавниот повик, па се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик, и кои ги исполнуваат условите од овој Правилник.

Членовите на Комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 на овој Правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето за субвенција за купување на еден велосипед и е-велосипед и за купување на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец, и сл., врз основа на Решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Центар- Скопје.

## III. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

Барателот е должен да ги исполни следниве услови:

- да има живеалиште на територија на Општина Центар-Скопје,

- новиот велосипед, е-велосипед,. и дополнителната опрема за велосипеди, е-велосипеди, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец, и сл., да го купи во Република Северна Македонија од датумот определен во Јавниот повик, па се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик.

**Член 7**

Барателот е должен да ја поднесе следната документација за исполнување на услови за добивање надоместок :

- пополнето барање за субвенција за купување на еден велосипед или е-велосипед со лични податоци;
- доказ за жителство во Општина Центар-Скопје, со приложување на копија на важечка лична карта на барателот;
- приложена копија од трансакциска сметка на барателот;
- доказ дека е извршено купување на нов велосипед, или нов е-велосипед од Република Северна Македонија, односно со приложување на фискална сметка и/или фактура за купен велосипед или е-велосипед, издадена во Република Северна Македонија, од датумот определен во Јавниот повик, па се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик.

Едно лице може да аплицира за добивање на субвенција исклучиво за купување на само едно од предвидените превозни средства и тоа или велосипед, или е-велосипед , само доколку последните две години нема користено субвенција по ниту еден основ од овој јавен повик, односно нема добиено субвенција за купување на било кое од наведените превозни средства.

**Член 8**

За утврдување на исполнување на условите од членот 6 на овој Правилник, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на жителите на Општина Центар-Скопје за купување на велосипед, е-велосипед и за купување на дополнителна опрема за велосипеди, е-велосипеди, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец, и сл., составена од 3 члена од вработените во општинската администрација (во натамошен текст: Комисија).

**Член 9**

По објавување на Јавниот повик, Комисијата ги разгледува пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната документација, а согласно динамиката на нивното пристигнување, се до завршување на Јавниот повик, односно до исцрпување на средствата кои се предвидени за таа намена во буџетот.

**Член 10**

Врз основа на пристигнатите барања, документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите од член 6 на овој Правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Центар-Скопје за усвојување или неусвојување на барањето за субвенционирање на жителите на општина Центар-Скопје при купување велосипед, или е-велосипед и за купување на дополнителна опрема за велосипеди или е-велосипеди, односно детско седиште, кацига, светло, катадиоптри, звонче, безбедна сајла, катанец, и сл.

За барателите кои ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје на предлог на Комисијата, носи решение за усвојување на барањето.

За барателите кои ги не исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Комисијата, ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 11**

Општина Центар - Скопје преку Секторот за Уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина и Секторот за финансиски прашања води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје, согласно овој Правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/38
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/41
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 11 став 3 и член 25 став 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.294/21, 89/22, 160/25, 258/25 и 15/26), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се формира Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје, како советодавано и координативно тело, заради остварување соработка и зацврстување на влијанието на јавноста врз работата на полицијата, со основна цел за зголемена сигурност на граѓаните, доверба во полицијата и подобрување на безбедноста на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Локалниот совет за превенција на Општиана Центар-Скопје ги има следниве основни надлежности:

-прибирање поплаки, молби и барања од населението што се однесуваат на прашања од областа на безбедноста;
-размена на информации со сите членови што имаат пристап до одредени доверливи информации;
-анализа на влијанието од укажаните проблеми;
-констатирање на состојбата по идентификацијата на проблемите и нивната локација;
-проценување на потребите и дефинирање на политиката на работа;
-градење стратегија;
-подготвување заеднички акционен план;
-процена на резултатите од одреден временски период, ако е потребно адаптирање на акциониот план;
-процена на конечните резултати.

**Член 3**

Локалниот совет за превенција ќе работи во следниов состав: Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, Претседателот на Совет на Општина Центар-Скопје, Командирот на Полициска станица „Центар", како и претставници од надворешни институции, тесно поврзани по својата област на дејствување со проблематики што се од значење и ќе придонесат за подобрување на безбедноста на подрачјето на Општина Центар-Скопје (министерства, дирекции и други владини и невладини организации), за кои Градоначалникот на Општина Центар-Скопје ќе утврди потреба.

**Член 4**

За надворешни членови на Локалниот совет за превенција на Општина Центар-Скопје на предлог на матичните институции се именуваат:

- Претставник од Министерство за социјална политика, демографија и млади – Весна Аврамовска Лазеска;
- Претставник од Основен кривичен суд Скопје – Надица Митреска;
- Претставник од Министерството за внатрешни работи – Катерина Стојкова и Елена Трајкова;
- Претставник од Министерство за правда – Венера Василеска;
- Претставник од Министерство за образование и наука – Сузана Михајловиќ.

**Член 5**

Локалниот совет за превенција на Општина Центар-Скопје ќе се состанува во согласност со укажаната потреба.

**Член 6**

Со влегување во сила на оваа Одлука за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје, престанува да важи Одлуката за формирање Локален совет за превенција на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје бр.11/19").

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/40
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги ЕЛМА ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги ЕЛМА ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/43
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија‟ бр.202/24) а во врска со член 4, 6 и 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Центар–Скопје на седмата седница, одржана на 24.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги ЕЛМА ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

**Член 1**

(1) Со оваа Одлука Општина Центар – Скопје ја прифаќа донацијата од Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги ЕЛМА ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и тоа:

- комплетната проектна документација за реконструкција на крак од ул.1738 Општина-Центар Скопје, која ќе се изготви од Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО увоз-извоз Скопје со сите потребни фази и ревизија на сите фази и
- изведба на реконструкција на крак од ул.1738 Општина-Центар Скопје од страна на Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО увоз-извоз Скопје

(2) Донацијата ќе се реализира во 2 фази и тоа:
Фаза 1 - Изготвување на проектната документација за реконструкција на крак од ул.1738 Општина Центар-Скопје и
Фаза 2 - Изведба на реконструкција на крак од ул.1738 Општина-Центар Скопје.

**Член 2**

Вредноста на донацијата ќе се утврди со Договор/Анекс, по добивање на целокупната документација и реализација на донацијата наведена во член 1 од оваа Одлука.

**Член 3**

Се овластува и задолжува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да го потпише Договорот за донација со Друштво за градежништво, трговија, угостителство и услуги ЕЛМА ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје”.

Бр. 08-2698/42
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање**

Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/45
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на Република Македонија" број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање

### Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода со цел вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина од областа на урбанизмот и просторното планирање, преку Помошник-раководител на Сектор за урбанизам, вработен во Општина Центар-Скопје заради поефикасно и поекономично вршење на надлежностите утврдени со закон од областа на урбанизмот.

### Член 2

Во остварувањето на меѓуопштинската соработка утврдена во член 1 од оваа Одлука, Општина Центар-Скопје ќе ги врши стручно-административните работи од областа на урбанизмот и просторното планирање преку службеникот Дамјан Цингарски, вработен во Општина Центар -Скопје на работно место Помошник-раководител на Сектор за урбанизам, при што вршењето на работите од страна на наведеното лице да биде во рок од три месеци, за време на кое Општина Кисела Вода ќе ги покрие трошоците за исплата на плата за наведениот службеник.

### Член 3

Времетраењето на вршењето на работите од заедничка надлежност и преземањето на обврските кои произлегуваат од меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода се утврдува за временски период од три месеци од моментот на склучување на Договорот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Центар – Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Кисела Вода, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, во кој поблиску ќе се уредат прашањата од интерес на вршење на заедничката надлежност.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје''.

Бр. 08-2698/44
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/47
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), член 17 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19; 89/22; 274/22; 208/24 и 193/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управниот одбор**
**на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**
**„Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

1. Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје се состои од 5 члена.

2. За членови на Управниот одбор се именуваат:

   - Маја Зрмановска
   - Оливер Тоновски
   - Александар Писинов
   - Дарко Конески
   - Никола Савовски

3. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години.

4. Решението да се достави до именуваните, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје и до Градоначалникот.

5. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/46
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за именување членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/49
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19; 89/22; 274/22; 208/24 и 193/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Надзорниот одбор**
**на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**
**„Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

2. Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје се состои од 5 члена.

2. За членови на Надзорниот одбор се именуваат:

- Викторија Аврамовска Мадиќ,
- Тања Левајковиќ и
- Ѓошо Вангелов

3. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири години.

4. Решението да се достави до именуваните, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје и до Градоначалникот.

5. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/48
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/23 од 15.4.2026 година, за утврдување на паркинг места за хуманитарни цели -хуманитарни паркинг места и формирање на нова паркинг зона-Зона X, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/23 од 15.4.2026 година, за утврдување на паркинг места за хуманитарни цели - хуманитарни паркинг места и формирање на нова паркинг зона-Зона X, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/51<br>24.4.2026 година<br>С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Центар-Скопје<br>д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19; 89/22; 274/22; 208/24 и 193/25) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/23 од 15.4.2026 година, за утврдување на паркинг места за хуманитарни цели - хуманитарни паркинг места и формирање на нова паркинг зона-Зона X, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје

### Член 1
Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/23 од 15.4.2026 година, за утврдување на паркинг места за хуманитарни цели - хуманитарни паркинг места и формирање на нова паркинг зона-Зона X, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 2
Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 3
Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/50
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/24 од 15.4.2026 година, за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/24 од 15.4.2026 година, за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/53
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19; 89/22; 274/22; 208/24 и 193/25) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/24 од 15.4.2026 година, за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/24 од 15.4.2026 година, за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2698/52
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/25 од 15.4.2026 година, за усвојување на Правилник за користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/25 од 15.4.2026 година, за усвојување на Правилник за користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/55
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 06/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19), („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19; 89/22; 274/22 и 208/24) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/25 од 15.4.2026 година, за усвојување на Правилник за користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/25 од 15.4.2026 година, за усвојување на Правилник за користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/54
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/27 од 15.4.2026 година, за усвојување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/27 од 15.4.2026 година, за усвојување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година.

Бр. 09-2698/57
24.4.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19; 89/22; 274/22; 208/24 и 193/25) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
